НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

# Посилен систем за поправедна заштита!



## ЗА БЕСПЛАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА НЕ СМЕЕ ДА ВИ БИДЕ ПОБАРАНО ДА ПЛАТИТЕ

БЕСПЛАТНА УСЛУГА + БАРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ

= НЕЗАКОНСКА НАПЛАТА




## НЕ ПЛАЌАЈТЕ БЕЗ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ШТО ПЛАЌАТЕ. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ. ПОБАРАЈТЕ СМЕТКА. ПРИЈАВЕТЕ.

## ВО ОВАА БРОШУРА ЌЕ ДОЗНАЕТЕ:

- **кои услуги** кај избраниот матичен гинеколог **не смеат да ви бидат наплатени**;
- **кога не треба да платите партиципација** за други здравствени услуги;
- што да направите **ако ви побараат да платите** за **услуга што ви следува бесплатно**;
- **каде** и **како** да **пријавите незаконска наплата**.

**Секој пациент има право да знае дали здравствената услуга се плаќа, колку чини и врз која основа се наплаќа.**

НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

Посилен систем за **поправедна заштита!**





# КАЈ ИЗБРАНИОТ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ

## СЕКОЈА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРЕНА ДЕВОЈКА ИЛИ ЖЕНА ПОСТАРА ОД 12 ГОДИНИ ИМА ПРАВО ДА ИЗБЕРЕ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ.

## ОВИЕ УСЛУГИ НЕ СЕ НАПЛАЌААТ КАЈ МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ:

- гинеколошки преглед;
- дијагностички преглед со ЕХО;
- колпоскопија (преглед на грло на матка со апарат колпоскоп);
- земање брис.

## ВАЖНО

Ова важи кога гинекологот е вашиот избран матичен гинеколог и услугата ја користите во рамки на здравственото осигурување. Ако ви побара да платите за која било од наведените услуги - целосно, делумно или како „доплата“ - станува збор за незаконска наплата.

## ФИСКАЛНА СМЕТКА НЕ ЈА ПРАВИ НАПЛАТАТА ЗАКОНСКА

Услугата што ви следува бесплатно не смее да ви биде наплатена, дури и ако за плаќањето ви е издадена фискална сметка.

## ШТО АКО КОРИСТИТЕ ДРУГА УСЛУГА?

Доколку матичниот гинеколог сака да ви наплати за друга услуга што не е наведена во бесплатните услуги. Пред да платите:

- прашајте за што точно се бара плаќањето;
- прашајте колку чини услугата и врз која основа се наплаќа;
- побарајте да го видите ценовникот;
- за секое плаќање побарајте фискална сметка.

## ЗАПОМНЕТЕ

**Неиздавањето фискална сметка е посебна неправилност. Но и кога имате фискална сметка, може да станува збор за незаконска наплата ако услугата требало да биде бесплатна.**



# КОГА НЕ ПЛАЌАТЕ ПАРТИЦИПАЦИЈА?

За следните здравствени услуги и категории лица, трошокот за партиципација се покрива преку програмите на Министерството за здравство.

Програмите ги усвојува Владата на Република Северна Македонија за секоја календарска година, а ги спроведува Министерството за здравство.

Информациите за ослободувања од партиципација според програмите во оваа брошура се однесуваат на 2026 година. Програмите по години ги објавува Министерството за здравство на интернет страната - **https://zdravstvo.gov.mk/mk-MK/dokumenti/programi**

Ослободувањето важи во јавните здравствени установи, како и во приватните здравствени установи што имаат договор со Фондот за здравствено осигурување за конкретната здравствена услуга.

## БРЕМЕНОСТ

Жените не плаќаат партиципација за здравствените услуги за време на бременоста и за услугите поврзани со бременоста.

## ПОРОДУВАЊЕ

За породување во јавна здравствена установа не се плаќа партиципација.

## ДОЕНЧИЊА ДО НАВРШЕНА ЕДНА ГОДИНА

Не се плаќа партиципација за специјалистички прегледи, ортопедски преглед со ЕХО, лабораториски испитувања, рендген и болничко лекување.

## ЛИЦА СО МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Не се плаќа партиципација за услугите поврзани со лекувањето на малигното заболување: операција, зрачење, хемотерапија, дијагностички процедури поврзани со болеста - како рендген, компјутерска томографија, магнетна резонанца, ПЕТ-скен и останати - и контролни прегледи поврзани со заболувањето.

## ЛИЦА СО ДИЈАБЕТЕС

Не се плаќа партиципација за специјалистичките контролни прегледи поврзани со следењето на дијабетесот.

## ПЕНЗИОНЕРИ СО ПЕНЗИЈА ПОНИСКА ОД 22.000 ДЕНАРИ

Корисниците на старосна, инвалидска, семејна или земјоделска пензија, со живеалиште во Р С Македонија, не плаќаат партиципација за болничко лекување ако нивната пензија е пониска од 22.000 денари.

**Исклучок:** Се плаќа за специјализирана медицинска рехабилитација, сместување во геронтолошка установа и дневно болничко лекување.

**Напомена:** Износот од 22.000 денари се однесува за 2026 година. Условите и износите во програмите може да се менуваат секоја година. Ако не сте сигурни дали во моментот сте ослободени од партиципација, проверете во Фондот за здравствено осигурување пред или по користењето на услугата.

## КОРИСНИЦИ НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ И ЧЛЕНОВИ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА

Не плаќаат партиципација за специјалистичко-консултативни прегледи и за болничко лекување.

**Исклучок:** За лековите од позитивната листа што се подигнуваат од аптека се плаќа пропишаната партиципација.

## КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Не плаќаат партиципација за специјалистичко-консултативни прегледи и за болничко лекување.

**Исклучок:** За лековите од позитивната листа што се подигнуваат од аптека се плаќа пропишаната партиципација.

# КАДЕ МОЖЕТЕ ДА ПОБАРАТЕ ПОМОШ И ДА ПРИЈАВИТЕ?

Ако ви е наплатена здравствена услуга што треба да биде обезбедена без плаќање или ви е наплатена партиципација од која сте ослободени, може да побарате совет и да го пријавите случајот до една или повеќе од следните институции.

## ПРВО ПОБАРАЈТЕ СОВЕТ И ПОМОШ

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ**

За совет, помош при составување на пријавата и упатување до надлежната институција.

**Телефони: 02 3298 295 и 02 3298 296**

**е-пошта: esem@esem.org.mk**






| КАДЕ? | ЗА ШТО? / КОНТАКТ |
|---|---|
| **Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија** | Кога ви е наплатена услуга што треба да биде обезбедена преку здравственото осигурување или ви е наплатена партиципација од која сте ослободени. Обратете се во најблиската подрачна служба. **Телефони: 0800 33 222, 02 3289 000 и 02 3289 083; веб-страница: www.fzo.org.mk** |
| **Кај матичен лекар или матичен гинеколог** | Може да побарате објаснување и проверка на наплатата од одговорното лице или носителот на ординацијата. За наплатена услуга што треба да биде обезбедена без плаќање може да се обратите и до најблиската подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување. Не сте должни прво да се обратите во ординацијата. |
| **Во болница, клиника, здравствен дом или друга здравствена установа** | Може да се обратите до директорот, друго одговорно лице или советникот за заштита на правата на пациентите, кога е назначен. Може да побарате проверка на наплатата, писмено објаснување и непречено продолжување на лекувањето. Не сте должни прво да пријавите во здравствената установа. |
| **Државен санитарен и здравствен инспекторат** | За неправилности при обезбедувањето на здравствената услуга, непочитување на прописите и повреда на правата на пациентите. **Телефон: 02 3121 146; е-пошта: infodszi@zdravstvo.gov.mk;** образец за претставка: **www.dszi.gov.mk** |
| **Управа за јавни приходи** | Кога за платениот износ не ви е издадена фискална сметка или ви е издадена непрописна сметка. **Телефон: 198; е-пошта: info@ujp.gov.mk.** Пријава може да се поднесе и во канцелариите на Управата за јавни приходи. |

**Не мора да знаете како правно се нарекува неправилноста.**
**Опишете што ви било побарано или наплатено, за која здравствена услуга и под кои околности, и побарајте совет за следниот чекор.**

# ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ УСТАНОВАТА ИМА ДОГОВОР СО ФЗО

Ослободувањето од партиципација во приватна здравствена установа важи само ако установата има договор со Фондот за здравствено осигурување за здравствената услуга што ја користите.

Кога матичен лекар или лекар специјалист ви издава упат за приватна здравствена установа, тоа значи дека здравствената установа има договор со ФЗО за тој вид услуга. Упатот не значи дека услугата е целосно бесплатна, односно за услугата се плаќа партиципација. Партиципација не плаќате само ако спаѓате во категорија или користите услуга за која сте ослободени од плаќање.

# АКО ВИ ПОБАРААТ ПАРТИЦИПАЦИЈА

Кажете дека, според категоријата на која припаѓате или услугата што ја користите, сте ослободени од партиципација. Побарајте да ви објаснат врз која основа се бара плаќањето.

Дали приватната здравствена установа има договор со ФЗО може да проверите на интернет страницата на ФЗО, во делот

**ПРАВА ОД СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**, или директно во ФЗО на телефонскиот број - **080033222**

**ВНИМАВАЈТЕ!** Договорот со ФЗО може да опфаќа само дел од услугите што ги нуди здравствената установа. Затоа, проверете дали договорот ја опфаќа токму услугата што ви е потребна.

# ШТО ДА НАПРАВИТЕ АКО ВИ ПОБАРААТ ДА ПЛАТИТЕ ЗА УСЛУГА КОЈА ТРЕБА ДА Е БЕСПЛАТНА ЗА ВАС?




## 1 ПРАШАЈТЕ ЗА ШТО ТОЧНО ПЛАЌАТЕ

Побарајте да ви кажат која услуга се наплаќа, колку чини и врз која основа се бара плаќањето.

## 2 КАЖЕТЕ ДЕКА СТЕ ИНФОРМИРАНИ ЗА СВОЕТО ПРАВО

Наведете дека услугата кај матичниот гинеколог е бесплатна или дека сте ослободени од партиципација согласно програмата.

## 3 ПОБАРАЈТЕ ДОКАЗ ЗА ПЛАЌАЊЕТО

Побарајте фискална сметка на која се гледаат износот, датумот, установата и услугата.

## 4 ЗАЧУВАЈТЕ ЈА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

Зачувајте ги сметката, упатот, извештајот, рецептот, лекарскиот наод, отпусното писмо и другите документи поврзани со услугата.

## 5 ЗАПИШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧИЛО

Запишете кога и каде ви било побарано да платите, за која услуга, колку сте платиле и кој го побарал или примил плаќањето.

## 6 ПОБАРАЈТЕ ПРОВЕРКА И ПРИЈАВЕТЕ

Обратете се до надлежната институција. Побарајте информација дали требало да платите или не. Информирајте се како треба да постапите доколку сте платиле за услуга која за вас треба да е бесплатна.

**Вашето здравје и безбедност се најважни. Не мора да се расправате, да се изложувате на притисок или да го одложувате потребното лекување.**

# КАКО ДА ЈА ОПИШЕТЕ ПРИЈАВАТА?



**Со свои зборови наведете:**

- кога и каде се случило;
- во која ординација или здравствена установа;
- кој го побарал или наплатил износот;
- која здравствена услуга ви била потребна;
- колкав износ ви бил побаран или наплатен;
- дали сте платиле;
- дали ви била издадена фискална или друга сметка;
- кои сметки, медицински документи или други информации ги приложувате.

Не мора да ги имате сите документи за да побарате совет или да поднесете пријава.

**ПРИЈАВЕТЕ** ИМАМЕ ПРОБЛЕМ!

## КРАТОК ПРИМЕР ЗА ПРИЈАВА

*„На 15.08.2024, во ординација на матичниот гинеколог, за гинеколошки преглед со ЕХО ми беше побаран/наплатен износ од 700 денари. Според информациите со кои располагам, услугата треба да биде обезбедена без плаќање. Ве молам да ја проверите наплатата, да ме информирате за исходот и за можноста за враќање на наплатените средства.“*

*„На 15.08.2024, во ЈЗУ болница, за снимање со компјутерска томографија ми беше побаран / наплатен износ од 400 денари за партиципација. Според информациите со кои располагам, услугата треба да биде обезбедена без плаќање на партиципација, бидејќи боледувам од малигна болест. Ве молам да ја проверите наплатата, да ме информирате за исходот и за можноста за враќање на наплатените средства.“*

**ИМАТЕ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА БЕЗ НЕЗАКОНСКИ НАПЛАТИ!**

ПАРТНЕРИ ВО ПРОЕКТОТ

ЕСЕ „МАЈ" ГИЖ СТАНИЦА П.Е.Т.

France

AFD Agence française de développement

EXPERTISE FRANCE GROUPE AFD

Оваа содржина е исклучива одговорност на **Здружението ЕСЕ** и **партнерските организации**, и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на **Expertise France** и на **Agence française de développement.**